Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-49/1
Датум: 21-01-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 0801-452 од 13.12.2021 година, поднесена од [redacted] од Скопје, против раководните лица во Министерството за одбрана: министерката Радмила Шеќеринска и [redacted], за извршена дискриминација врз основа на религиско, верско и политичко уверување во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година), на 20.01.2022 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА**, врз основа на религиско, верско и политичко уверување во областа на работа и работни односи од страна на непосредно претпоставени лица во хиерархиска поставеност во Министерството за одбрана и тоа: Радмила Шеќеринска – министер во Министерството за одбрана и [redacted] во Министерството за одбрана, кон вработениот [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 0801-452 од 13.12.2021 година, од подносителот [redacted]– државен советник за недвижности и правни работи во Министерството за одбрана, за сторена дискриминација врз основа на религиско, верско и политичко уверување во областа на работа и работни односи од страна на хиерархиски претпоставени лица во Министерството за одбрана: Радмила Шеќеринска - министер и [redacted].

Согласно наводите од претставката, подносувачот тврди дека е дискриминиран во подолг временски период и во повеќе наврати. Како резултат на дискриминаторското постапување, подносителот тврди дека бил исклучен од работните процеси и дека не му биле обезбедени услови за нормално работење. Дополнително, подносителот тврди дека бил предмет на вербални закани и за да биде замолчен како лидер на опозициона партија, бил поднесен предлог за покренување на дисциплинска постапка за сторен дисциплински престап, поради изнесување и коментирање информации со некласифицирана содржина на социјалните мрежи, во медиумите и на јавните настапи надвор од работното време.

Имајќи ги во предвид ваквите наоди, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од приложените докази констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24 став 7, во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 14.12.2021 година испрати Известување бр. 0801-452/2 за произнесување кон наводите од претставката до Министерство за одбрана и хиерархиски непосредно претпоставените лица, како потенцијални дискриминатори.

На ден 22.12.2021 година, во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор од страна на Министерството за одбрана, во однос на произнесување кон претставката.

Во првиот документ од одговорот на МО, заведен под архивски број 09-7673/1 од 22.12.2021 година, кој се однесува на произнесувањето на министерката Радмила Шекеринска како потенцијален дискриминатор, нагласено е дека во поднесената претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не се наведени конкретно преземени дејствија од страна на министерката, со кои подносителот бил дискриминиран. Исто така, во одговорот е потенцирано дека министерката била информирана за јавните настапи на подносителот на претставката и дека кон лицето биле поднесени три претставки за изнесување на неточни и навредливи содржини, поради ширење на ксенофобични дискриминаторски содржини и ширење на говор на омраза, . Како резултат на ваквото делување, во одговорот е наведено дека согласно Законот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр. 27/2014, 99/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 127/2016, 142/2016, 2/2017, 16/2017, 11/2018, 275/2019, 14/2020 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 215/2021 од 16.09.2021 година), Кодексот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр. 183/2014 од 12.12.2014 година), како и според Етичкиот кодекс на вработените во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија, против подносителот на претставката биле поднесени предлози за покренување на дисциплински постапки.

Вториот документ од одговорот на МО, заведен под архивски број 03-7549/2 од 22.12.2021 година, се однесува на произнесувањето на [redacted] како потенцијален дискриминатор. Во истиот нагласено е дека државниот секретар во МО, како овластено лице е должен да ги земе предвид доставените реакции од јавноста и лицата кои биле предмет на говор на верска, расна и религиска омраза, од страна на подносителот на претставката и да постапува согласно законите преку поведување на постапка и формирање на комисија за утврдување на сторен прекршок од страна на административниот службеник.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Што се однесува до работните услови, во одговорот е потенцирано дека подносителот на претставката располага со соодветна канцеларија и техничка опрема за извршување на работните задачи.

Поради дополнително утврдување на фактите на случајот, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 24.12.2021 година испрати ургенција до Министерството за одбрана, со цел доставување на податок од страна на МО во однос на тоа дали врз лицето [redacted] како висок административен службеник во МО има изречено дисциплинска мерка и каква е изречената мерка, бидејќи од содржината на претставката, како и од одговорот кон истата, Комисијата не беше во можност да утврди постоење на изречена мерка.

На ден 31.12.2021 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна одговор кон ургенцијата, со архивски број 03-7877/2 во кој беа доставени побараните податоци, како и известување за текот на дисциплинската постапка која се водела против подносителот на претставката.

Во одговорот кон ургенцијата е наведено дека дисциплинската постапка која се водела против државниот советник [redacted] е поради споделување на навредлива содржина и ширење на говор на омраза на социјалните мрежи, со што е извршена повреда на член 73, став 1, точка 22 од Законот за административни службеници и е сторен дисциплински престап. Со Решение бр. 04-3456/4 од 09.06.2021 година, во законскиот рок е формирана Комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап.

Комисијата за водење на дисциплинска постапка на расправа на ден 16.12.2021 година, поради приложено боледување, го сослушала застапникот на државниот советник и извршила увид во доказите на дисциплинскиот предмет. По завршувањето на расправата и спроведено тајно гласање на 16.12.2021 година, Комисијата утврдила дисциплинска мерка, по што Државниот секретар во МО, во согласност со неговите законски надлежности донел Решение за изрекување на дисциплинска мерка бр.03-3456/56 од 17.12.2021 година, со кое на државниот советник [redacted] распореден на работното место: државен советник за недвижности и правни работи, му изрекол дисциплинска мерка – Распоредување на работно место во непосредно пониско ниво, според член 74, став 2, алинеја 2 од Законот за административни службеници.

Дисциплинската мерка е донесена од причина што во дисциплинската постапка, согласно приложените докази е утврдено дека државниот советник Петар Богојески, објавувал недолични статуси на социјалните мрежи и со тоа ширел говор на омраза. На тој начин, лицето постапило спротивно на член 15 став 2 од Кодексот за административни службеници и со своите јавни објави го нарушил угледот на Министерството за одбрана.

Понатаму, утврдено е дека државниот советник извршил повреда на член 15 став 3 од Кодексот и се однесувал несоодветно и недостоинствено. Исто така, со своето однесување државниот советник постапил спротивно на член 12, став 9 и став 10 од Етичкиот кодекс за вработените во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија. Според овие одредби, во приватниот живот вработените не постапуваат на начин со кој би го загрозиле угледот на Министерството и Армијата и во однос на учеството на јавни настани, социјални мрежи или друг вид на комуникација, треба да покажат воздржаност од недолични коментари на расна, етничка, верска, родова, социјална и друга основа. Како што е наведено во одговорот на ургенцијата, при изрекување на дисциплинската мерка од страна на државниот секретар во МО, биле земени предвид: тежината на дисциплинската повреда и нејзините околности, последиците од истата, степенот на одговорност на државниот советник Петар Богојески, како и поранешното однесување, претходното несторување дисциплински престапи и високата раководна функција во МО.

На ден 11.01.2021 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги задолжи: членот на КСЗД и известител на предметот Лимко Бејзароски, советникот [redacted] и советникот за правна заштита од дискриминација [redacted] да извршат непосреден увид во просториите на работното место на Петар Богојески, со цел утврдување на фактичката состојба за условите, како и исклученоста и изолираноста во работното место на подносителот на претставката.

Од извршениот непосреден увид на работното место, на 11.01.2021 година беше креиран и записник во кој е констатирано дека:
Просторијата на работното место на [redacted] е заклучена и нема можност за увид во просторијата. Од информациите добиени при разговорот со неговите колеги и со државниот секретар во Министерството за одбрана [redacted] за подносителот [redacted] се констатира дека, подносителот во подолг временски период користи боледување за кое има уредно поднесена документација. Што се однесува до издавањето на работни задачи, од увидот беше утврдено дека истите не можеле да се издадат, со оглед на фактот дека лицето користело боледување и од таа причина во подолг временски период отсуствувало од работно место. Во однос на наводите од претставката за исклученост, дискриминација и изолираност, при увидот беше констатирано дека истите не може да се потврдат, затоа што неговата просторија ги исполнува сите работни услови еднакви со останатите негови колеги од службата.

Од содржината на одговорот од страна на Министерството за одбрана, како и од направениот увид во просториите на МО, не можат да се најдат факти и аргументи за извршена дискриминација од страна на непосредно претпоставените лица во Министерството за одбрана – министерката Радмила Шеќеринска и [redacted]. Изречената дисциплинска мерка е направена согласно законската

регулатива, поради ширење на расна и друг вид на говор на омраза од страна на државниот советник [redacted] кои според важечките закони и етички кодекси се недозволени за високите функционери во МО и истите треба да се воздржуваат од такви дејствија во своите јавни настапи.

Од горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација донесе мислење дека не е извршена дискриминација врз државниот службеник [redacted] врз основ на политичко, верско или национално уверување во областа на работа и работни односи од страна на раководните лица во Министерството за одбрана и тоа: Радмила Шеќеринска – министер во Министерство за одбрана и [redacted] во Министерството за одбрана во својство на негови претпоставени во хиерархијата на Министерството за одбрана.

Скопје, 20.01.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка

Весна Бендевска

Доставено до:
[redacted]
-Министерство за одбрана- г-ѓа Радмила Шеќеринска Јанковска- ул. Орце Николов 116, Скопје
[redacted]